**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН СКОПЈЕ**
**Факултет за правни и политички науки**

# ИЗВЕШТАЈ

**за работата на деканот на**

**ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ**

**за академска 2021/22 година**

**Скопје, јануари 2023 година**

## Contents


1. В О В Е Д ........................................ 3

2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ ........................................ 4

2.1. Задачи и цели на Факултетот ........................................ 4

2.1. Планирање, организирање и транспарентност на работата на Факултетот ........................................ 6

2.2. Работа на ННС ........................................ 8

2.3. Работа на постојните комисии формирани од ННС ........................................ 11

2.4. Упис на студенти во прв и втор циклус ........................................ 12

3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР ........................................ 14

3.1. Наставен и соработнички кадар ........................................ 14

3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници ........................................ 19

4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ ........................................ 19

4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии ........................................ 19

4.2. Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето ........................................ 21

5. НАДВОРЕШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........................................ 21

5.1. Организирани научни собири - гостување на странски предавачи ........................................ 23

6. НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА И ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ ........................................ 30

6.1 Издавачка дејност и покриеност на студиските програми со учебници и учебни помагала ........................................ 30

6.2 Учество на конференции, научни собири и семинари ........................................ 31

ЗАКЛУЧОК ........................................ 38

# 1. В О В Е Д

Како обврска која произлегува од членот 114 алинеја (5) од Законот за високото образование на Република Македонија, деканот на Факултетот за правни и политички науки до Наставно-научниот совет (понатаму во текстот ННС) и ректорот на Универзитетот доставува Извештај за својата и работата на факултетот со кој раководи (најмалку еднаш годишно) за претходната академска година. Извештајот има за цел да даде приказ на состојбите на факултетот, да го оцени сработеното во изминатата академска година и да ги воочи подрачјата во кои е потребно подобрување, но едновремено да послужи и како основа врз која ќе се изготвува план за работа за следната академска година.

Со нормативните акти на Факултетот и Универзитетот, а согласно Законот за високото образование, јасно се прецизирани надлежностите на деканот во процесот на управување и функционирање на Факултетот. Тоа обезбедува организација на работата којашто дава повратни информации за степенот на реализација на поодделни задачи и одговорности. Во овој процес клучна е улогата на деканот на Факултетот кој ја насочува, координира и следи реализацијата при извршувањето на поставените цели и задачи на Факултетот, а за што е одговорен пред Наставно-научниот совет, ФОН Универзитетот и Министерството за образование и наука. Главните задачи и цели на Факултетот се:

1. подготвување студиски програми;

2. организирање настава, распределба на обврски и внатрешна комуникација;

3. работа со студентите и следење на нивните резултати и подигање на студенскиот стандард;

4. креирање на систем на правила и процедури за обезбедување квалитет на Факултетот;

5. примена на систем на сите нивоа на внатрешна контрола на квалитетот;

6. научно-истражувачка дејност;

7. издавачка дејност;

8. меѓународна соработка и мобилност;

Конкретно, воспоставени се процедури и механизми кои овозможуваат следење и контрола на реализацијата на поставените цели и задачи, преку:

- изработка на програма за работа на деканот и поднесување извештај за степенот на нејзината реализација;

- изработка на годишен извештај за работа на наставниците и соработниците за извршување на тековните обврски како и континуирано следење на постигнатиот успех на студентите, со што е воспоставен соодветен систем на информирање и координирање на активностите.

## 2. РАБОТАТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ФАКУЛТЕТОТ

Факултетот за правни и политички науки како правен следбеник на Факултетот за правни науки и Факултетот за политички науки и дипломатија кој беше формиран врз основа на Спогодба за спојување на Факултетот за правни науки и Факултет за политички науки и дипломатија во состав на Првиот приватен универзитет ФОН, за која е добиено позитивното мислење од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и Решение за почеток со работа на Факултетот од страна на Министерството за образование и наука, УП1 14-755 од 16.05.2019 година успешно и конструктивно ги обедени целите на двете научни подрачја. Студентите продолжија да се запишуваат на студиските програми на поменатите подрачја. Додека студентите кои беа веќе запишани продолжија да студираат на истата студиска програма на која се запишале и ќе се стекнат со звањата согласно решенијата за акредитација на студиските програми на кои студираат односно на правни студии и политички науки и дипломатија. По спојувањето на факултетите, Факултетот за правни и политички науки успешно продолжи со реализирање на планираните задачи и цели. Наставниот, научниот и образновниот процес непречено се одвиваше согласно распределба на работните обврски и задачи. Овој Извештај се однесува за академската 2021/2022 година.

### 2.1. Задачи и цели на Факултетот

Факултетот за правни и политички науки се стреми кон остварување на поставените задачи и цели преку континуирана грижа на внатрешно кадровско и организациско усовршување. Основната задача на Факултетот е едукација на професионални кадри од областите на правните и политички науки, кои своите стекнати знаења и вештини успешно ќе ги применат во праксата, стручните и научните истражувања. Заложбите на Факултетот за правни и политички науки во годините на своето постоење беа насочени кон запишување на најдобрите матуранти од државата и надвор од неа, настојувајќи да се афирмираат во интелектуалното опкружување во регионот. Факултетот за правни и политички науки продолжува во истата насока и дополнително сопствениот потенцијал го насочува кон унапредување и развој на студиските програми на сите нивоа на студии врз основа на најновите научни и истражувачки резултати, на највисоките професионални стандарди и етички принципи.

Во престојниот период заложбите се насочени кон интензивирање на клиничко правно образование, со посебен акцент на практичната настава. Во таа насока се превземени активности и чекори кон формирање на Правна клиника.

Во рамките на наставата предвидени се и истражувачките активности, Факултетот ги вклучува студентите во разни форми на учење прку учество на: проекти, истражувања, организирање на национални и меѓународни научни и стручни семинари и конференции, а воедно обезбедува и програми за професионална доживотно учење преку континуирана едукација и обука како и преку следење на искуставата и добрите практики на светските универзитети. Особен фукус во оваа академска година беше насочен кон поттикнување и вклучување на студентите во истражувачките активности како и подигање на света за значењето и улогата на студентите во општествените процеси и текови.

Факултетот за правни и политички науки се стреми преку својот квалитет да прерасне во водечка високообразовна и научна институција во државата, препознатлива по јасните цели и поставени стандарди во својот домен. Заложбите се насочени кон успешно приспособување на потребите на современите глобални текови преку континуирана соработка со локалната заедница, институциите на државата (судската, законодавната и извршната власт), меѓународните субјекти и грѓанскиот сектор. Факултетот создава мрежа на меѓународна соработка (регионална и светска) со сродни институции и познати и афирмирани професори со цел стандардизирање и зголемување на образовната и научно-истражувачката дејност.

Факултетот делува отворено кон општествените, научните и образовните промени како динамична и критички настроена образовна единица на АУЕ - ФОН Универзитетот. Воедно влијае врз потикнувањето на мобилноста, градење на успешна рамка на функционирање на доживотното учење и континуирано вложување во човечкиот капитал на Факултетот, градење на систем на одговорно применување и почитување на стандардите на квалитет. Согласно поставените цели Факултетот се движи кон воспоставување на највисоките стандарди во научно-истражувачката работа од областа на општествените науки, развој на највисоките истражувачки и етички принципи, создавање на современи студиски програми со кои се отпочна во академската 2021/22. Целите и задачите на Факултетот се јасно дефинирани во тригодишната стратегија за развој донесена во 2022 година и се засноваат на вредностите на:

- Посветеност на успехот на студентите;
- Квалитет со воспоставување на современи едукативни програми кои ги следат потребите и барањата на модерното општество;
- Влијание врз развојот на општеството;
- Креативност која се рефлектира во отвореноста за нови идеи
- Интегритет со етичко остварување во целокупната интеракција и воспоставување на перформанси што водат до постигнување на академски и кариерни цели;
- Емпатија која се рефлектира во подобрување на човековата состојба и личниот развој на нашата заедница.

Целта на оваа програма е да се трасира развојот на ФППН, како составен и значаен дел од АУЕ-ФОН, за академската 2022/2023 и 2023/2024 година во неколку клучни области: меѓународна соработка, привлекување на странски студенти, зголемено учество на

студентитево работата на факултетот, практичната настава, развивање на научноистражувачкатадејност итн. за да може да се потврди неговата позиција како успешен, квалитетен и препознатлив факултет во рамките на АУЕ-ФОН Универзитетот.

АУЕ-ФОН се прилагодува и ги имплементира критериумите кои се предвидени со Законот за високо образование.

а) Стратешки цели на Факултетот:

- Да се зголеми бројот на студенти на студиите од прв циклус (да се задржи поволен соодност помеѓу бројот на студенти и бројот на наставен кадар);
- Да се зголеми бројот на запишани студенти на студиите од втор циклус, како и бројот на студенти кои успешно ги завршиле истите;
- Воведување и спроведување на нови студиски програми кои се во согласност со потребите на пазарот на трудот;
- Воведување на концептот за доживотно учење;
- Воведување на можсноста за учење на далечина;
- Афирмација на клиничката настава;
- Можност за студирање на англиски јазик (зголемување на бројот на странски студенти);
- Доделување на стипендии за студирање со цел надминување на проблемите од социоекономска природа и вклучување на ранливите категории во високообразовниот процес;
- Вклучување на студентите во работните тела на Факултетот;
- Креирање на правичен систем за наградување на најупешните студенти;
- Креирање на методологија со која ќе се следи понатамошниот развој на дипломираните студени и стапката на нивна вработеност;
- Зголемување на достапноста на изворите за учење (издавање/набавување на нови учебни помагала и достапност на учебници во електронска форма),
- Градење на систем и механизам за осигурување на квалитет;
- Спроведување на Годишната програма за работа на Факултетот.

## 2.1. Планирање, организирање и транспарентност на работата на Факултетот

Во периодот кој е предмет на анализа Факултетот за правни и политички науки се соочи со сериозен предизвик со здравствената криза со Ковид 19. Фокусот беше насочен кон интензивни чекори и активности во насока на успешна реализирација на планираните задачи и цели, како и тековните предизвици. Фокусот беше насочен кон реализација на наставните и вонннаставните активности, научните, образновите и управувачките компоненти. Процесот на планирање, организирање и контрола на работата на Факултетот се базираше врз значителниот број на мерки и активности во насока на изградба на инструменти и механизми за промоција и обезбедување на највисоко ниво на квалитет во наставата, научни истражувања, како и професионални и административни активности.

Развојот и унапредувањето на културата на квалитет беше еден од приоритетите на Факултетот, со цел да се обезбеди најдобар резултат во поглед на наставата и научните истражувања, и тоа на задоволство на сите засегнати страни (студентите, вработените, надворешните субјекти). Нагласени и поинтензивни релации се остваруваат токму при одржувањето на советите, кога деканот и останатите членови на советот дискутира, предлага и утврдува мерки и активности поврзани со остварувањето на поставените цели, и решавање на проблемите и тековните предизвици. На самиот старт се пристапи кон формирање на комисии за тековните активности, се направи рамномерна распределба на обврските и работните задачи за предстојната академска 2021/2022, се пристапи кон планирање за покривање на наставата за новите студиски програми со кои се отпочна на втор циклус на студии. На советите се дискутираше и се констатира дека наставата на првиот и вториот циклус на студии, во сите студиски години, која е реализирана во согласност со планираната програма за работа, вклучувајќи ја и клиничката настава и практичната настава. Се направи избор на Факултетско студентско собрание.

Во февруари се донесе Едногодишна програма за работа на Факултетот како и Тригодишна стратегија за развој на Факултетот. Оваа активност значеше чекор понапред во смисла на оставрување стратешки и тековни цели на факултетот. Во рамките на Едногодишната програма за работа на Факултетот се опфатени активности кои се однесуваат на организирање на активности на правната клиника, обуки и куресеви, дебати, тркалезни маси, летна школа како и истражувачки проекти. Во рамките на тригодишната стратегија се направи анализа на опкружувањето, пазарот и конкуренцијата. Се пристапи кон законската регулатива, анализа на профилот на Факултетот, организациската структура, просторни можности и опременост на објектот, динамика на уписите, анализа на постојниот и очекуван број на студенти како и преглед на активностите на Факултетот. Во рамките на стратегијата се подготви и SWOT анализа потенцирајќи ги капацитетете, слабостите, можностите како и заканите. Поставени се цели кон кои ќе се стрими Факултетот во идниот период, со посебен акцент на развој на научно-истражувачка дејност, наставниот процес, развој на програми за доживотно учење, градење на систем и механизам за осигурување на квалитет, јакнење на кадровските капацитети како и меѓународна соработка.

Во однос на реализацијата на наставата, сите предавања и вежби успешно се одржани, при што се обработени сите единици утврдени со наставните програми. Специфично а оваа академска година беше наставата на далечина која се реализирање по сите предмети на платформата Teams. За таа цел беа формирани групи по наставните предмети каде се одвиваа наставните активности: настава и консултација со студентите. Системот овозможува можност за транспарентност и контрола на образовниот процес. Инаку јунската сесија беше организирана со физичко присуство во термини и динамика со кои целосно се беа испочитувани спцификите на препораките на здравствените власти.

Реализирани се активностите поврзани со упис на студенти, во рамките на уписна политика на ниво на Универзитет која беше подржана од страна на Факултетот. Во текот на годината ажурно и навремено се превземаат активностите во врска со трансферите на студенти со што комисија за признавање на испитите навремено ги реализираше трансферите на студенти од други универзитети, кои традиционално бројат солидни бројки. Процесот на самоевалуација се одвиваше во рамките на предвидените активности, прилагодени на спецификите на учењето на далечина. Во делот на административните обврски од типот на изготвување распореди за настава, распореди за колоквиумски и испитни сесии, како и организација на работата на факултетските комисии обврските се навремено и ефикасно завршени.

Во периодот се пристапи кон огранозирање на две дебати, трибина, неколку обуки, активности во правната клиника како и летна школа. Учество зедоа емининтни правници, политиколози, социолози, претставници од владиниот и невладиниот сектор, активисти за човекови права како и студенти.

## 2.2. Работа на ННС

Седниците на наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки, се одржуваат најмалку еднаш месечно, со можност за одржување и во пократок временски интевал доколку се јави потреба за тоа. Во текот академската 2021/22 година на Факултетот за правни науки оджани се 14 седници на ННС, од кои две беа вонредни. На седниците беа третирани прашања поврзани со:

- распределба на обврските на наставниците и соработниците, доверување настава и реализација на наставата за академската 2021/2022 година (зимски и летен семестар);
- донесување одлука за распишување конкурс за избор во наставно-научно звање од областите Право на ЕУ, Управно право, Финансово право, Политички партии и интересни групи, Политички системи и граѓанско општество; семејно и наследно право, историја на Македонија.
- формирање рецензентски комисии за изготвување реферати за избор во звања;
- Разгледување на извештајот на рецензионата комисија по конкурсот за избор во научните области Казнено право, Компаративно право, Граѓанско право;
- избор/реизбор во наставно-научни звања редовен и вонреден професор;
- предлог на Сенатот за избор на редовни професори;
- Дискусија околу обврските во постапката за акредитација на студиски програми за прв циклус на студии;
- Изработка и прифаќање на нови студиски програми;
- Усвојување на елаборатите за новите студиски програми;

- формирање на конкурсна комисија за запишување на студенти по објавен конкурс, комисија за спроведување и оценување на испити;
- формирање рецензентски комисии за ракописи, наставно научни помагала и други трудови;
- дискусии околу унапредување на наставата, уписот и уписната политика, и друго;
- Дискусија околу уписите и начинот на реализација на наставата во академската 2021/2022;
- Дискусија околу новите студиски програми и насоките на координативното тело за подготовка на елаборати за нови студиски програми;
- Дискусија околу организирање на активностите на Едногодишната програма за работа;
- Формирање на факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста;
- Усвојување на предлог нови студиски програми за прв циклус на правни студии и нови студиски програми за прв и втор циклус на политички науки;
- Усвојување на елаборатите за акредитација на студиската програма на "правни студии", прв циклус на студии и студиската програма "политички науки", прв и втор циклус на студии;
- Усвојување на студиска програмата и елаборат за едногодишна стручна студиска програма за јазична и академска подготовка;
- Донесување на одлуки за согласност за учество во реализација на студиски програми на Факултетот за дизајн и мултимедија, Факултет за детективи и безбедност, Факултетот за економски науки, Факултет за информатика;
- Усвојување на Едногодишната програма за работа за 2022 година;
- Усвојување на Тригодишната стратегија за работа за 2022-2024 година;
- Формирање на комисија за признавање на испити;
- Промена на комисијата за самоевалуација;
- Формирање на работна група за изготвување на едногодишна и тригодишна програма за развој на Факултетот согласно член 112 од Законот за високото образование;
- Определување на два члена за целите на уписната политика;
- Донесување на одлука за организирање на Правна клиника и разгледување и усвојување на Правилникот за организација и работа на Правната клиника;
- Дискусија околу превземање на активности поврзани со избор на Факултетско студенско собрание;
- разгледување и донесување на одлуки во однос на пријави на дипломски, специјалистички и магистерски трудови;
- менторски и рецензентски извештаи за магистерски трудови;

Во однос на изготвување на нови студиски програми за прв и втор циклус студии, направени се околу 10% измени на постоечката програма за правни науки и околу 10% на програмата за политички науки, со цел доближување до насоките кои произлегуваат од Законотт за високо образование и Правилникот за Правилник за организацијата,

работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 151/12) Во текот на академската 2021/2022 година изработени се елаборатите за следниве студиски програми:

- за прв циклус студии:
    1. Политички науки и
    2. Правни студии;
- за втор циклус студии:
    1. Политички науки, академски студии

Во елаборатите се целосно инкорпорирани правилата предвидени во Правилникот за задолжителни компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии како и Упатството за начинот на пополнување на елаборатот за акредитација на студиска програма од прв циклус на студии, донесена од Одборот за акредитација на високото образование на РСМ со акцент на целите и оправданоста за воведување на студиската програма, усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри, општите дескриптори на квалификации за втор циклус на едно/двогодишни студии со 60/180 ЕКТС, согласно со уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации како и специфичните дескриптори на квалификации за прв циклус на три/четиригодишни студии со 180/240 ЕКТС, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации. Комисијата вложи сериозни напори во подготовка на елаборатите, кои беа доставени до Одборот на закредитација согласно предвидените рокови.

За студиските програми од втор цилкус на студии на насоките: Граѓанско право, Казнено право, Деловно право, Меѓународно право и право на ЕУ кои беа подготвувани од 2019 година добиени се решенија за акредитација и решенија за почток со работа. Се работи за современи студиски програми кои ги следат актуелните подрачја во рамките на посочените области. Со овие студиски програми се отпочна со настава во академската 2021/22 година.

Напоредно со овие обврски, седниците на ННС, како и останатите неформални работни средби на колективот се занимаваат и со обмислување и преиспитување на наставниот процес, вонннаставните активности за студентите, универзитетските активности во кои е вклучен кадарот на Факултетот и сл. Посебен акцент беше ставен на спецификите на далечинската настава која се спроведуваше како правило согласно препораките од Министерството за здравство на РСМ како резултат на состојбата со пандемијата од Ковид 19.

## 2.3. Работа на постојните комисии формирани од ННС

Наставно – научниот совет на Факултетот за правни и политички науки ги формираше: Комисија за подготовка на нови студиски програми, Комисијата за признавање испити според ЕКТС, Комисијата за самоевалуација, Комисии за спроведувања испити, Комисија за подготовка на едногодишна и тригодишна стратегија за развој на Факултетот за правни и политички науки, како и комисии формирани за определени намени во даден временски период. Членовите на комисиите се од редот на наставничкиот и соработничкиот кадар на Факултетот. Комисиите навремено и одговорно ги извршуваат своите задачи и обврски и соодветно ги проследуваат релевантните информации до колегите, заради успешна координација.

Комисијата за признавање испити според ЕКТС има мошне континуирана и одговорна позиција. Посебно внимание Комисијата посветува на утврдувањето на компатибилност и одредување на степените на компатибилност на споредуваните предметни програми кои кандидатите ги положиле на други студиски програми со оние на Факултетот. Комисијата ажурно и навремено ги рализираше трансферите на студентите од другите факултети кој Факултетот за правни и политички науки традиционално бележи високи бројки.

Комисии се формираат и при конкурсите за стипендии за прв и втор циклус на студии. При конкурси за прв и втор циклус се вршеа интервјуа на кандидати за стипендии и пред и по интервјуата кадарот врши заеднички консултации заради изедначување на критериумите за оценување и рангирање на кандидатите.

Комисијата за самоевалуација покрај квантитативните податоци, вложува исклучителна енергија и во прибирање наративни коментари од страна на студентите во текот на анкетирањето заради квалитативна анализа и соодветно преобмислување и преземање нужни чекори. Предизвиците на далечинстото учење се одрази и врз динамиката на самоевалуацијата. Кадарот навремено и ажурно се обезбедува со потребните документи и насоки за нивно толкување и комплетирање. Според последната спроведена самоевалуација сите наставници имаат позитивна оценка.

Комисија за подготовка на нови студиски програми вложи сериозни напори во процесот на изработка на елаборатите за новите студиски програми кои се доставија до Одборот за акредитација. Одржани се серија работни состаноци во однос на подготовка на структурите на студиските програми. Новите студиски програми и во подрачјето на правни науки и во подрачјето на политички науки се резултат на сериозно опсервација и следење на современите трендови во посочените подрачја. Подготовката на елаборатите се одвиваше во согласност со нормативите и стандардите предвидени во законските и подзаконскуте акти во државата.

Работната група за подготовка на едногодишна и тригодишна стратегија за развој на Факултетот за правни и политички науки ја доби задачата да подготви временска рамка во која ќе се предвидат приотитетните и стратешките цели на Факултетот. Се

работи за систематична активност која треба да овозможи поставување на цели и приоритети кои ќе бидат во фокус на реализација на Факултетот во период од една односно три годишен период.

Се формираше и комисија за спроведување на изборот на Факултетско студентско собрание. Успешно се реализираа изборите за членови и претседател на факултетското студенско собрание, со што се конституираше Факултетското студентско собрание.

### 2.4. Упис на студенти во прв и втор циклус

Уписите на Факултетот се одвиваа во интензитет и динамика карактеристична за Универзитетот. Во Табела 1. Се претставени се податоци за запишаниот број на студентии во академската 2021/2022 година на Факултетот за правни и политички науки, на насоката правни студии, за прв циклус и за втор циклус на студии на сите насоки. Насоката политички науки и дипломатија со прва година не отпочна. Заради споредба на бројот на запишани студенти во табелата се наведени и податоците за бројот на запишани студенти во последните 7 години.

**Табела 1. Број на запишани студенти на Факултетот за правни науки и на Факултетот за политички науки**

| | |
|---|---|
| **Факултет за правни науки** | |
| | |
| **2018/2019** | 174 |
| **2017/2018** | 296 |
| **2016/2017** | 247 |
| **2015/2016** | 244 |
| **2014/2015** | 131 |
| **Факултет за политички науки и дипломатија** | |
| | |
| **2018/2019** | 72 |
| **2017/2018** | 61 |
| **2016/2017** | 72 |
| **2015/2016** | 85 |
| **2014/2015** | 46 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 2. Број на запишани студенти на Факултетот за правни и политички науки**

| **Факултет за правни и политички науки** | |
|---|---|
| 2021/2022 | 54 прв циклус , 90 студенти за втор циклус (144 вкупно) |
| **2020/2021** | 68 |
| **2019/2020** | 126 |

Преку графиконот 1 е претставен графички приказ на запишани студенти на Факултетот за правни науки во академските 2017/2018 -  2020/2021 и број на запишани студенти на Факултетот за правни и политички науки (број на двете насоки: правни и политички науки).




Во академските 2019/2020 и 2020/2021 забележан е значителен пад на уписот на студентите. Во периодов се прават анализи со кои треба да се утврдат причините за слабиот упис на студенти во анализираниот период. Имено драстичен пад е забележан во академската 2019-2020 година кога вкупниот упис изнесува само 56 студенти и тоа за двата циклуса, мал пораст во 2020 – 2021 година и тоа за двете студиски програми, правен и политички. Во 2021 – 2022 годиана е забележан значителен пораст на уписот на студии како и прв така и на втор циклус на студии, за прв циклус 54 за втор циклус 91 студенти, односно вкупно 145 студенти, во графиконот се претставени податоци за академската 2021/2022.

## 3. НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

### 3.1. Наставен и соработнички кадар

Факултетот за правни и политички науки во академската 2021/2022 својата дејност ја извршува со вкупно 19 вработени во редовен работен однос и 3 визитинг професори (од кои двајца професори со звање емеритус, академик проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Нано Ружин). Од вкупниот број: 10 редовни професори, 4 вонредни професори, 5 доценти и 1 асистент. Во декември дел од професорите беа прераспределени на другите факултети на Универзитетот со што Наставно научниот совет на ФППН брои укупно 13 професори, 1 асистент и 1 виш лектор.

Табела 3: Список на наставници избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време на Факултетот за правни и политички науки

| | **Име и презиме на наставникот** | | | Предмети што ги предава наставникот |
|---|---|---|---|---|
| | | *звањето во кое е избран и во која научна област* | *Областа во која што е магистриран/докториран* | |
| 1. | **Стефан Буџакоски** | Редовен професор од областа на Вовед во правото и Казнено право | Доктор на правни науки | Вовед во правото<br>Казнено право<br>Криминалистички менаџмент<br>Разузнавање<br>Приватна безбедност<br>Практична настава 1<br>Детективска дејност |
| 2. | **Мерсел Биљали** | Редовен професор од областа на Меѓународно јавно и Право на Европската Унија | Доктор на правни науки | Меѓународно јавно право<br>Теорија и практика на дипломатијата<br>Меѓународни организации<br>Алтернативно и мирно решавање на спорови<br>Дипломатско конзуларни односи<br>Уставно право<br>Полициско работење во заедницата |
| 3. | **Сејдефа Џафче** | Вонреден професор од областа на Деловно право | Доктор на правни науки | Академско пишување<br>Финансово право<br>Административно право (материјално и процесно) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Право на друштва<br>Економска политика |
| 4 | **Татијана Ашталкоска Балоска** | Редовоен професор од областа на Казненото право 50804 и Компаративно право 50809 | Доктор на правни науки | Уставно право<br>Организиран криминал<br>Социјална патологија<br>Малолетничка деликвенција<br>Економска криминалистика<br>Правни аспекти на спортот<br>Пенологија |
| 5 | **Билјана Пулеска Јанушевска** | Редовен професор од областа на Меѓународно јавно право 50806 и Меѓународно приватно право 50807 | Доктор на правни науки | Меѓународно јавно право<br>Меѓународно приватно право |
| 6. | **Елена Тодорова** | Редовен професор од научна област Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго)- 50700 | Доктор на полиитчки науки | ЕУ интеграции и политики<br>Меѓународно право за правата на човекот<br>Меѓународни односи<br>Граѓанско општество<br>Современа политичка историја<br>Институции на ЕУ<br>Политики на ЕУ<br>Мултикултурализам |
| 7. | **Александра Србиновска Дончевски** | Редовен професор од научна област Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго)- 50700 и Комуникации и мас-медиуми 50706 | Доктор на полиитчки науки | Социологија на правото<br>Локална самоуправа<br>Јавна администрација<br>Јавно мислење и комуникации<br>Политичка култура<br>Реторика и аргументација |
| 8. | **Гоце Галев** | Редовен професор од областа на Право на Европската Унија – 50811 | Доктор на правни науки | Историја на држава и право<br>Вовед во право на ЕУ |
| 9. | **Љубомир Данаилов Фрчковски** | Редовен професор од областа на Меѓународното јавно право | Доктор на правни и политички науки | Меѓународно јавно право<br>Меѓународно право за правата на човекот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | **Зинет Асани** | Вонреден професор од областа на Граѓанско право – 50803 | Доктор на правни науки | Граѓанско право – општ дел<br>Стварно право<br>Облигационо право<br>Граѓанско процесно право |
| 11. | **Арлинда Кадри Шахинович** | Доцент од областа на семејно и наследно право | Доктор на правни науки | Римско право<br>Семејно и наследно право<br>Вовед во правото<br>Специјална безбедносна обука 2 |
| 12. | **Јасмина Трајковска Наумовска** | Доцент од областа на Политички системи (50701) и Граѓанско општество, политички партии и интересни групи (50703) | Доктор на политички науки | Наука за политиката<br>Политички партии и интересни групи<br>Политичка партиципација<br>Избори и изборни системи<br>Родова политика<br>Политички систем на Р. Северна Македонија |
| 13. | **Наташа Тодоровска** | Доцент од областа на Казнено процесно право | Доктор на правни наки | Казнено процесно право<br>Криминалистичка тактика 2<br>Практична настава 2<br>Практична настава 3<br>Изборно право и изборни системи |
| 14. | **Елена Танева** | Виш лектор по германски јазик | Магистер по применета лингвистика | Германски јазик Б1-Б6 и Ц1-Ц4<br>Деловен германски јазик 1 / 2<br>Германска цивилизација<br>Германски јазик 1<br>Германски јазик 2 |

Табела 4: Список на наставници избрани во наставно-научни, научни и наставни звања во редовен работен однос со полно работно време на другите единици на Универзитетот ангажирани на Факултетот за правни и политички науки

| | **Име и презиме на наставникот** | | | Предмети што ги предава наставникот |
|---|---|---|---|---|
| | | *звањето во кое е избран и во која научна област* | *Областа во која што е докториран* | |
| 1 | **Маја Саревска** | Доцент од научна област Информациски системи и мрежи 21202 | Доктор на технички науки | Информатички технологии |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Љубица Кардалевска Радојкова** | Вонреден професор од облста на Англиситка (64004) и Применета лингвистика (64011) | Доктор од областа на Англистика Применета лингвистика | 1.Англиски јазик 1<br>2.Англиски јазик за право и криминологија |
| 3 | **Тања Китановска Стојковска** | Вонреден професор од научна област Применета кинезилогија 50401 и друго (спортски менаџмент) 50403 | Доктор на науки од областа на кинезио логијата и спортскиот менаџмент | 1.Спорт 1 и 2 |
| 5 | **Зорица Силјановска** | Вонреден професор од областа на Деловно право 50824 и Трудово право 50805 | Доктор од областа на правни науки | 1.Трговско право<br>2.Трудово право |
| 7 | **Саво Ашталкоски** | Редовен професор по Финансии (50326), Банкарство (50 321) и Бизнис економија (50329) | Доктор по економски науки од областа на финансии | Применета економија |
| 8 | **Назми Маљичи** | Редовен професор, Методологија и теорија во политичките науки (50709) | Методологија и теорија во политичките науки (50709) | Наука за политиката<br>Политички систем<br>Современи политички системи<br>Политички партии и интересни групи<br>Политика и религија |
| 9 | **Зунун Зунуни** | Редовен професор, Методологија и теорија во политичките науки (50709) и Општа социологија (51100) | Општа социологија (51100) | Социологија<br>Политичка историја на Македонија<br>Алтернативно и мирно решавање на спорови<br>Миграција и миграциски процеси |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Гордан Георгиев | Доцент, Јавна администрација (50903) | Политички науки (основи, теорија, методологија, историја, друго) (50700) | Историја на цивилизации<br>Политички теории 2<br>Современи политички системи<br>Модели на демократија<br>Вовед во јавни политики |
| 11 | Анита Глигорова | Доцент, Меѓународни политички организации (50704) и Дипломатија (50705) | Меѓународни политички организации (50704) и Дипломатија (50705) | Историја на дипломатијата<br>Надворешна политика<br>Меѓународни организации<br>Глобализација<br>Геополитика<br>Заедничка надворешна и безбедносна политика на ЕУ |
| 12 | Александар Чавлески | Вонреден професор Право на ЕУ | Доктор на правни науки | Право на ЕУ<br>Институции на ЕУ<br>Право на надворешни односи на ЕУ<br>Меѓународно право и право на ЕУ – применета програма |
| 12 | Зоран Механџиски | Лектор по македонски и руски јазик | / | Руски јазик 1<br>Руски јазик 2<br>Македонски (немајчин) јазик |

Во однос на кадровската политика предвидено е стручно усовршување на академскиот кадар, престои на странски универзитети, учество во проеки, како и други облици на доусовршување, кои во моментов поради пендемијата со Ковид 19 истата се одвива во ограничена динамика. Во насока на унапредување на наставнот процес, секој предметен наставник е должен да врши соодветни промени и усовршувања на предментната програма, во согласност со достигнувањата во развојот на научната мисла и да ги инкорпорира новите сознанија и научни дострели во содржината на научната дисциплина, како и навремено пред почетокот на секоја академска година за истата да приложи список на основна, односно задолжителна и дополнителна литература за учење.

Постојната структура на наставничкиот кадар овозможува квалитетна реализација на наставата на Факултетот. Изминатиов период беа распишани конкурски за реизбор на наставниците во повисоки звања, но потребата за вработување на нови професори и асистенти во одредени подрачја е потребно и истото ќе се реализира во периодот кој предстои.  Потребата од млад соработнички кадар је особено изразена, за која во периодот треба да се превземат напори да се направи избор во асистенстски звања на по еден соработник на секоја од катердите.

### 3.2. Покриеност на наставните предмети со наставници

Анализата во однос на покриеноста со наставен кадар покажува дека наставните обврски се рамномерно распределени, според областите во кои секој одделно се профилирал преку својот докторски или магистерски труд. Најголемиот број предметите се покриени од наставници кои се во редовен работен однос на Факултетот. Дел од предметите, особено универзитетските предметите се покриени од професорите на Факултетот за економски науки, Факултетот за странски јазици, Факултетот за информатика, Факултетот за детективи и безбедност и Факултетот за спортски менаџмент, редовно вработени на Универзитетот АУЕ- ФОН. Согласно ЗВО наставниците се ангажирани на најмногу 4 предмети во семестар по циклуси, при што доаѓа до израз рамномерната оптовареност на наставниот кадар со работни обврски. Административно-техничкиот персонал при ФОН Универзитетот овозможува непречено и континуирано заокружување на административниот дел од обврските.

## 4. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

### 4.1. Реализација на наставата по студиски програми на додипломски и посдипломски студии

Согласно добиените акредитации, Факултетот за правни и политички науки има право да организира настава на додипломски студии на две студиски програми и тоа студиска програма за правни науки и студиска програма за политички науки и дипломатија. Студиската програма за прв циклус за правни науки е од 3 години, односно 6 семестри со 180 ЕКТС кредити. Студиската програма за прв циклус за политички науки е од 4 години, односно 8 семестри со 240 ЕКТС кредити.

Студиските програми на додипломските студии на Факултетот ги опфаќаат општообразовните предмети преку кои се формира научниот профил од областите на правните и политичките науки. Воедно, предвидени се и два типа на изборни предмети и тоа универзитетски изборни предмети и факултетски изборни предмети. Предметните програми овозможуваат етапно и оквирно воведување на студентите во основите на правничката, политичката и дипломатската професија, запознавајќи ги со фундаментите на правото, политичките науки и дипломатијата, нивните постулати, како и тенденциите за развој од теоретски и практичен аспект.

На додипломските студии во академската 2021/2022 година, Факултетот за правни и политички науки на студиската програма за Правни науки организираше настава на македонски јазик во Скопје, во одделенијата во Струга и Струмица не се отпочна со настава. На студиската програма за Политички науки и дипломатија

наставата во прва година не отпочна, меѓутоа наставата во втора, трета и четврта година се изведува на македонски и албански јазик во Скопје.

Постдипломските студии се организираат на 5 студиски програми:

- Граѓанско право;
- Казнено право;
- Деловно право;
- Меѓународно право и право на Европската унија;
- Политички науки и дипломатија со два модули: Внатрешна политика и Меѓународна политика и дипломатија.

Студиските програми: Граѓанско право, Казнено прави, Деловно право и Меѓународно право и право на Европската унија се со времетраење од 1+1 година на студии, односно 2 семестри специјалистички студии со вкупно 60 кредити и 2 семестри магистерски студии со вкупно 60 кредити. Студиската програма за Политички науки и дипломатија е со времетраење од 1 година, односно 2 семестри и вкупно 60 ЕКТС кредити.

Во академската 2021/2022 се реализираше редовна настава на платформата Teams на студиските програми, четврта година, специјалистички судии по насоката: Граѓанско право, Казнено право, Деловно право додека наставата на насоките Политички науки и дипломатија и насоката Меѓународно прави и право на Европската унија и се одвива менторски поради малиот број на запишани суденти. Наставата на пета година на сите насоки се одвива менторски.

Целта на постдипломските студии е едуцирање на стручни и научни кадри од различни области на правото и политичките науки. Студиските програми ја отсликуваат специфичноста на областа која е предмет на изучување во сите нејзини елементи и аспекти. Посебен акцент на студиските програми на последипломските студии е присуството на предмети од апликативен карактер преку кои студентите можат да стекнат знаења и вештини потребни за успешно извршување на својата професија.

Студиските програми се прилагодени кон новите трендови на развој на правните и политичките науки и дипломатијата, како и кон глобалните текови на развој на општествено-економските појави и законитости. Студиските програми за втор циклус на студентите им овозможуваат континуирано продлабочување на знаењата стекнати во првиот циклус студии, со цел да станат комплетни експерти од соодветната област.

Во зимскиот семестар во академската 2021/2022 година во целост се реализирани студиските програми на додипломските и последипломските студии и доследо е почитуван глобалниот годишен календар. Академската година започна во законскиот рок и заврши во предвиденото време во кое беа реализирани планираните академски активност. Прогресот на студентот се оценува според повеќе параметри кои се дефинирани во ЕКТС концептот, нормиран во рамките на Правилникот за студирање според ЕКТС.

На Факултетот за правни науки и политички науки во академската 2020/21, согласно податоците од Државниот завод за статистика, на прв циклус на студии дипломирале 51, на специјалистички студии дипломирале 43 а магистрирале 30 студенти.

### 4.2. Форми на наставно-образовниот процес и методи на проверка на знаењето

Наставата на сите насоки и модули се одвиваше на далечина преку платформата Теамс. Дел од предавањата и консултациите се организираа со физичко присуство. Во реализацијата на наставно-образовниот процес на Факултетот за правни и политички науки може да се констатира дека доминантна форма на настава имаат предавањата екс катедра, коишто партиципираат со 50% во вкупниот наставно образовен процес. Интерактивната настава учествува со 30%, практичната настава 10% и менторската настава 10% (консултации во однос на предметната програма, изработка на семинари трудови и сл.). Анализата на потребите за реализација на наставата укажуваа дека промените треба да се остваруваат во насока на намалување на учеството на предавањата екс катедра и зголемување на останатите форми на настава, а особено во интерактивната настава. Формирањето на Правната клиника и вклучувањето на кратки обуки во областа на правните и политичките науки е во насока на подирање на нивото на клиничкото правно образование.

Методите за проверка на знаењата е комбинирано поради доминацијата на далечинското учење. Имено поголемиот дел од испитите, со исклучок на јунската испитна сесија се реализираа преку платформата Teams, online, на усмен начин со исклучок на предметите деловен јазик 1 и 2 (англиски) и македонски јазик за студиските програми на албански јазик каде што испитите се изведуваат писмено и усно. Во овој контекст може да се каже дека студентите најголем дел од испитите ги полагаат преку колоквиуми во процесот на континуирана проверка на знаењата. Врз основа на истиот може да се констатира дека се постигнати особено поволни резултати, односно евидентиран е релативно висок процент на положени испити, и тоа за најголем дел од стручните дисциплини и за поголем дел од општообразовните и основните дисциплини.

## 5. НАДВОРЕШНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Факултетот за правни и политички науки, во согласност со трендот на Унуверзитетот ФОН, прави напори за прифаќање и следење на модерните европски и светски трендови кои подразбираат отвореност во комуникацијата, создавање простор за меѓународна мобилност на студентите, мобилност на наставничкиот и соработничкиот кадар преку размена во рамките на високообразовните институции, размена на студиски програми, и слично. Во академската 2021/22 година се реализираа значајен број на мобилности од страна на наставниот кадар во рамките на Еразмус + програмата. Во таа насока, на иницијатива на Факултетот, Универзитетот има склучено

договори за соработка со низа реномирани странски универзитети, факултети и институти, а покрај склучените договори, во тек се преговори за воспоставување на соработка и со други домашни и странски високообразовни установи. ФОН Универзитетот е член на Алијансата на универзитети на Централна и Источна Европа. Соработките кои се отпочнати периодот се:

1. Меморандум за соработка со CIFE (Centre International de Formation Européenne – Меѓународен Центар за Европско Образование) од Ница, Франција, за основање заедничка студиска програма за втор циклус за „Напредни студии за интеграција во Европската Унија".

2. Меморандум за соработка со Луараси Универзитет во Тирана;

3. Американскиот универзитет на Европа - ФОН е носител на „ЕРАЗМУС ПОВЕЛБА ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ 2021-2027".
4. АУЕ - ФОН е ностител и на грант од програмата Еразмус плус наменет за академска и студентска мобилност согласно акцијата КА103 - Мобилност на студенти и вработени во високото образование во рамките на програмите (2020-1-МК01-КА103-077517). Доделениот грант е за 2 години и се однесува на периодот од 01.06.2020 - 31.05.2022. Вкупниот број на мобилности на студенти и вработени е 80. Имплементација на меѓународната академска мобилност за програмата за која се бара акредитација, ќе се имплементира преку посебни билатерални договори за Еразмус мобилност и соработка во рамки на Еразмус + програмата на ЕУ.

5. Еразмусплус КА203 Стратешко партнерство за трансдисциплинарни балкански с тудии: гео филозофија на Балканот (Гео Балканс) АУЕ - ФОН е добитник на грант во рамките на програмата Еразмус плус КА203 за Стратешко партнерство за трансдисциплинарни балкански студии: геофилозофија на Балканот. Проектот е во времетраење од 3 години (2020/2023).

Покрај меѓународната соработка, Факултетот за правни и политички науки, како единка на Универзитетот ФОН, има склучено договори за соработка со речиси сите ресорни министерства во државата, како и со универзитетите во државата во чиј состав влегуваат правните факултети. Исто така Факултетот има одлична соработка со приватниот и граѓанскиот сектор, со Уставниот суд, Апелационите судови како и Основниот суд Скопје 1 и 2, Јавното обвинителство и Јавното правобранителство. Преку Универзитетскиот проект Фабрика на знаење, чија цел е стекнатите теоретски знаења да се применат во пракса, студентите на Факултетот под менторство на наставниот кадар активно учествуваат во пронаоѓање практични идејни решенија за поставените задачи од страна на определени институции од државниот и приватниот сектор. Во период од 2021-2022 година склучани се договори со со дел од синдикатите и тоа:

- Полицискиот синдикат;
- Синдикат за судска администрација;
- Министерството за внатрешни работи.

**5.1. Организирани научни собири - гостување на странски предавачи**

